A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 05.08.2019

Во текот на изминатите денови (01,02,03 и 04.08.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 187 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 76 возачи од кои: 24 возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 45 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и седум возачи почетници кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и 35 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се 19 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, пет возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престројување, тројца поради неправилно престигнување, 21 возач на моторцикли поради неносење заштитен шлем, 28 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 20 возачи поради користење на мобилен телефон при

управување на возило. Во однос на пешаците санкциониран е еден пешак поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 77 мандатни платни налози и 54 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 04.09.2019 година во времето од 15:00 до 20:00 часот на подрачјето на СВР Струмица е спроведена акциска контрола со цел откривање на возачи кои вршат неправилно престигнување и обиколување. Во акцијата се констатирани 11 прекршока, кои се соодветно санкционирани.

На 04.08.2019 во 11,30 часот било пријавено дека во с.Калник–тетовско, патничко моторно возило „БМВ" со италијански национални ознаки, управувано од Ј.А.(20) од с.Калник, удрило во малолетник од с.Боговиње-тетовско, кој се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Клиничкиот центар Тетово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Тетово.

На 04.08.2019 година околу 15,30 часот било пријавено дека во с.Двориште- беровско, пред мостот на „Дворишка река" додека М.Т.(49) управувал трактор „Фиат 446 ДТ", кој влечел приколка, во која биле Н.Т.(49) и уште две деца, едно од децата (4) паднало и било прегазено со десното тркало. Детето се здобило со тешки телесни повреди и било пренесено во Здравствениот дом Берово за укажување на лекарска помош, а потоа во Медицинскиот центар Штип. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 04.08.2019 година во 20,40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во зграда на булеварот „Климент Охридски" во стан сопственост на Л.П.(55) избувнал пожар, предизвикан од плинска боца. Од страна на Единицата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид ќе се врши во текот на денешниот ден.

На 04.08.2019 година во 03,00 часот во Полициската станица Гази Баба Ф.П.(18) од Скопје, пријавил дека на улицата "Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник во пределот на левата надколеница.

На 04.08.2019 во 08,00 часот од полициски службеници на Граничниот премин Табановце, на влез во Република Северна Македонија, приведени биле Н.Ж (39), државјанин на Р.Србија и С.Е.(42) и С.Х.(40), двајцата државјани на Р.Турција поради нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка, на која и претходела расправија околу случена сообраќајна незгода претходно. Лицата биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

СВР Штип на 04.08.2019 година во периодот од 15.00 - 20.00 часот спроведе засилена акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. 16 возачи извршиле непрописно престигнување од кои четири на подрачјето на ПС Кочани, три на ПС Пробиштип, пет на ПС Виница и четири на ПС Делчево. Санкционирани се и 29 останати прекршоци.

На 04.08.2019 година околу 13,30 часот во СВР Битола била приведена Л.Т.К.(58) од Битола поради тоа што запалила сува трева и гранки, а огнот се проширил и зафатил гаража и магацин сопственост на Ј.С. и Т.С од с.Крклино. Пожарот бил изгаснат од протипожарната единица од Битола. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.08.2019 околи 5 часот на обиколница во близина на клучка Радишани З.П. (30) од с. Одри,Тетово управувајќи возило „БМВ" удрил во возило „Шкода јети" и двајца полициски службеници. Полициските службеници се здобиле со повреди и се пренесени во комплекс

клиники Мајка Тереза, а возачот на БМВ во ГОБ Св. Наум Охридски. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и Јавен обвинител.

На 04.08.2019 од 15 до 22 часот, на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола за непрописно престигнување. При контролата, откриен е 21 прекршок ( ТЕ-11 и ГВ-10 ).Во вчерашната акциска контрола биле констатирани и 10 други видови прекршоци кои, исто така, соодветно законски се санкционирани.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола за време на продолжениот викенд извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека 15 возачи управувале возило без возачка дозвола,13 возила биле нерегистрирани , брзината ја надминале 33 возачи. На мобилен телефон разговарале девет возачи, а двајца не користеле сигурносен појас.

На 04.08.2019 година во 18:50 часот на магистрален пат А-4 Радовиш-Штип се случила сообракајна незгода во која учествувале четири патнички моторни возила, кои се движеле во ист правец и тоа: возило „Фиат Добло" со струмички регистерски ознаки, управувано од Г.В (47) од Струмица, возило „БМВ-Х5" со италијански регистерски ознаки, управувано од П.Ш (59) од Италија, возило „Шкода фелиција" со струмички регистерски ознаки, управувано од В.М (60) од село Василево и возило „Голф" со струмички регистерски ознаки, управувано од М.И (25) од Струмица. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Џ.Р (51), која била сопатник во возилото „Голф", а увид на местото извршила екипа на Полициска станица Радовиш.

На 04.08.2019 год. од 15.00 - 20.00 часот на територијата на СВР Велес санкционирани се шест прекршоци неправилно престигнување, и тоа, три во Велес, еден во Кавадарци и два во Неготино.

На 05.08.2019 во 04,15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на наплатната рампа „Глумово" две лица со закана со оружје извршиле разбојништво, при што го одзеле дневниот промет. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.08.2019 во 14,10 часот во Полициската станица Валандово, било пријавено дека на делницата Миравци-Смоквица, имало опожарено патничко моторно возило. Имено, додека И.Д. (39) од Р.Србија, управувал патничко моторно возило марка „БМВ 320 ГТ" со српски национални ознаки, по автопатот Скопје - Гевгелија возилото почнало да ја губи брзината, по што се паркирал на лентата за принудно запирање и забележал чад од возилото, а потоа и пламен. Пожарот бил изгаснат од противпожарна екипа од Гевгелија. Од полициски службеници од Полициската станица Гевгелија извршен бил увид на местото на настанот.

На 04.08.2019 во 12,30 часот во СВР Скопје А.К.(39) од Скопје, пријавила дека во дворот пронашла едно залутано зрно од оружје. Извршен е увид и се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава, против Ѓ.М.(31) од село Здуње, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 22.01.2019 година во Гостивар, на место викано „Здуњска раскрсница", од полициски службеници запрено било патничко моторно возило управувано од пријавениот, а по извршениот преглед пронајден и одземен е кокаин.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.С.(20) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 30.07.2019 година околу 23,15 часот, на стадионот Билјанини извори, од полициски службеник биле преземени службени дејствија легитимирање и преглед над пријавениот, при што кај истиот била пронајдена прашкаста материја. По ова, пријавениот физички го нападнал полицискиот службеник.

На 04.08.2019 во 14,40 часот во СВР Скопје, Е.Р (27) од Скопје, пријавила дека во с.Визбегово во колонијална продавница едно лице со закана одзел пари од касата. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.08.2019 во 14,30 часот во СВР Скопје Ј.В.(24) од с.Брњарци-скопско пријавил дека истиот ден околу 12,25 часот во с.Брњарци во дворот пронашол едно залутано зрно од оружје. Извршен е увид и се работи на расчистување на случајот..


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)